**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-104/5
22.01.2024 година
Струга

**ООУ „Дебрца" – с.Белчишта**

| | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 30.-31 октомври и 01 ноември.2023 година |
| **Број на извештај:** | број 12/ југозападен / 2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Наташа Пинтоска Беќароска |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Подрачни училишта:** | 10 десет |
| **Основач на училиштето:** | Општина Дебрца |
| **Наставен јазик:** | македонски, албански |
| **Број на ученици:** | 181 |
| **Полова структура на ученици:** | машки и женски |
| **Број на наставници:** | 49 |
| **Претседател на училишниот одбор** | Виолета Мицкоска |
| **Директор на училиштето:** | Билјана Славевска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 26, 27 и 28 март 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Белчишта, општина Дебарца |
| **Телефон:** | 046/286-003 |
| **Факс:** | 046/286-003 |
| **e-mail:** | ou-debrca-belchishta-debarca@schools.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | 2,48(делумно задоволува) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РСМ" број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014;33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РСМ" број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција (Службен весник на РСМ бр.52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018) од 31 октомври до 01 ноември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Дебрца" -с.Белчишта општина Дебарца.

Државните просветни инспектори во текот на тридневната посета, остварија комуникација и соработка со раководниот тим на училиштето и со стручната служба во училиштето, извршија посета на наставни часови и имаа средби со членовите на: Училишниот одбор, Советот на родители и ученичкиот парламент.

Општинското основно училиште „Дебрца" -с.Белчишта, Дебарца е училиште во кое наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик. Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии, согласно наставните планови и програми изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика. Наставниците од прво, до петто одделение во одделенска настава и шесто одделение во предметна настава изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование, предметните наставници од природната група на предмети во седмо, осмо и деветто одделение изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата. Раководниот тим и стручните соработници ги одредуваат приоритетите, динамиката и начините на реализација на наставните планови и програми.

Училиштето има формирано тим за МИО. Активностите за МИО се реализираат преку програмата „Образование за животни вештини" на одделенските часови и се интегрирани во разни наставни содржини. Училиштето има партнер училиште - ООУ„Нури Мазари"-с.Делогожда, Струга, за реализирање на одредени активности од МИО. Во последните 3 години нема реализација на ниту една активност со партнер училиштето.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност.

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките.

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Наставниците при оценувањето на учениците користат формативно и сумативно оценување со употреба на различни алатки за оценување, усна проверка, писмени вежби, тематски тестови, бодовни листи, чек листи, наставни листови, чек листи за самопроверка и друго. Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во трите образовни периоди. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и

индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство за крај на наставната-учебната година. Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната зграда.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Училиштето има Кодекс за безбедно училиште кој е истакнат на видно јавно место достапно на ученици, родители и наставници.

Во училиштето се води уредна педагошка евиденција и документација и тоа во текот на целата година. Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на учениците добиени врз основа на сопствени проценки.

Училиштето во средината е препознатливо по својата работа и постигањата на учениците во различни области. Тоа е безбедно училиште и води грижа за безбедноста и здравјето на учениците. Наставниот кадар има углед кај родителите. Во училиштето владее позитвна работна атмосфера и учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат за неговиот углед.

Училиштето посветува внимание на промовирање на личните постигања на учениците. Континуирано работи на промоција на личните постигања на учениците и наставниците преку доделување на награди, дипломи, пофалници.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво, но и во училиштето.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивното дете. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница преку вклучување во одбележувањето на значајни датуми и организирањето на разни манифестации. Соработката со деловната заедница најчесто опфаќа обезбедување донации за реализација на значајни активности во училиштето (одбележување на патрониот празник и подршка на учениците при учество на разни манифестации надвор од училиштето).

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој и има свој план за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Наставниците изработуваат план за личен професионален развој, кој потоа го дооформуваат на ниво на стручни активи и го доставуваат до тимот за професионален развој кој изготвува програма за професионален развој.

Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во рамки на законските норми. Согласно финансискиот план училиштето ги утврдува финансиските средства потребни за извршување на тековните потреби. Финансискиот план и извештајот за финансиското работење на училиштето се доставуваат до Градоначалникот и Советот на општината.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работа. Училишниот одбор работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган.

Раководниот орган раководи со училиштето професионално и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во училиштето. Ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа. Недоволно се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план, на поставените цели кои се предвидени во програмата, а приоритет дава на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето.

Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Воспоставува соработка во непосредната и пошироката заедница, вклучувајќи партнерства и со други училишта од државата и надвор од неа.

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето (бр.02-185/8 од 09.06.2023 година) се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците.

Училиштето нема акционен план за следење на остварувањата на резултатите од дефинираните цели и план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите од поставените цели.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Дебрца" – с.Белчишта, Дебарца е **делумно задоволува (2,48)[1].**

Самоевалуација: број 02-594/9 од 09.12.2022 година
Развојна програма: број 02-185/8 од 09.06.2023 година
Годишна програма: број 02-305/8 од 14.08.2023 година
Одлука од Советот на општината за усвојување на Годишната програма од училиштето: број 08-1072/9 од 30.08.2023 година
Годишен извештај: број 02-305/6 од 14.08.2023 година

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Статут на училиштето: број 01-185/7 од 09.06.2023 година
Инклузивен тим на училиштето: Решение бр.03-390/1 од 15.09.2023 година
Партнер училиште: ООУ„Нури Мазари" – с.Делогожда , Струга
Училиштен парламент -Претседател на ученичката заедница е Мартина Цветаноска

## Карактеристики на училиштето

ООУ „Дебрца" – с.Белчишта е општинско деветгодишно основно училиште. Наставата се изведува во едно централно училиште во село Белчишта и десет подрачни училишта во селата: Лешани, Оровник, Волино, Издеглавје, Ботун, Мешеишта, Требеништа, Злести и Велмеј на македонски наставен јазик а во подрачното училиште во село Горенци на македонски и албански наставен јазик . Наставата во сите училишта се изведува во една смена.

Во учебната 2023/2024 година настава посетуваат вкупно 181 ученик, организирани во 35 паралелки, 19 комбинирани паралелки во одделенска настава и 16 чисти паралелки во предметна настава. Во подрачните училишта во селата Издеглавје, Злести, Ботун, Волино, Оровник и Горенци со настава се опфатени ученици од прво до петто одделение. Во останатите подрачни училишта настава посетуваат ученици од прво до деветто одделение.

Воспитно-образовната дејност се остварува преку предвидените наставни планови и програми за деветгодишно основно образование. Учениците од прво до шесто одделение наставата ја следат согласно новата концепција за основно образование.

Училиштето соработува со локалната и деловната заедница.

Со решение (бр.04-3266/8 од 03.06.1985 година) на Секретаријатот за вонстопански дејности на Собрание на општина Охрид, училиштето е верифицирано за дејноста основно образование. Со работа започнало во 1965 година како централно основно училиште со едно подрачно училиште во с.Велмеј и четири подрачни паралелки во с.Лешани, с.Злести, с.Ботун и с.Слатино. Во 1987 година извршена е промена на името од Работна организација за основно образование и воспитание „Кирил и Методиј"- Охрид во Работна Организација ЦОУ „Светозар Вукмановиќ Темпо"- с.Белчишта. Со одлука на советот на училиштето (02-24 од 18.04.1991 година) името на училиштето е променето од РО ЦОУ „Светозар Вукмановиќ-Темпо" во РО ЦОУ „Дебрца". Со решение на Окружниот стопански суд во Битола, промената на името е запишана во регистарскиот суд (рег.бр.890/91 од 09.05.1991 година). Советот на училиштето на својата седница одржана на ден 29.09.1995 година, донел одлука (бр.21-175/2) за промена на името на училиштето во ООУ„Дебрца" с.Белчишта. Промената на името на училиштето со решение на Окружниот стопански суд во Битола е запишана во судскиот регистар (рег.бр.1093/96 од 31.01.1996 година).

Со новата териоторијална поделба од 2006 година кон ООУ„Дебрца" с.Белчишта се припојуваат подрачните училишта во село Оровник, Горенци, Требеништа, Волино и Мешеишта.

Вкупниот училишен простор на централното и подрачните училишта изнесува 3011 м2 и 14,513 м2 училишен двор. Дворот е ограден но, не е хортикултурно уреден.

Училиштето располага со 19 училници за одделенска настава, 19 училници за предметна настава, 4 кабинети, една затворена спортска сал, една балон сала, 8 асфалтирани спортски терени, 4 земјени игралишта и 4 училишни библиотеки.

Наставните средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети во континуитет се надоградуваат и зголемуваат. Училиштето во континуитет ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудио-визуелна и ИКТ опрема и се труди да ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.

Училиштето располага со по еден компјутер за секоја паралелка во одделенска настава и по 1 компјутер за канцеларија во секоја училишна зграда, 19 телевизори, 8 печатари, 2 фотокопирки, 5 ЛЦД прожектори, 20 микробита, 3 пинг-понг табли и 1 професионален фото апарат.

Во училиштето е опремен еден кабинет за одржување настава по природни науки односно хемија, биологија и физика. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во училиштето вработени се вкупно 49 наставници. Воспитно образовната работа во одделенска настава ја изведуваат 19 наставници, а во предметна настава 30 наставници и стручни соработници психолог и библиотекар кои им помагаат на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

ООУ „Дебрца“ - Белчишта е општинско деветгодишно основно училиште во кое наставата се изведува на македонски наставен јазик и во подрачното училиште во с.Горенци во една паралелка на албански наставен јазик.

Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии, наставните планови и програми изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика. Наставниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата. Училиштето има формирано инклузивен тим со Одлука број 03-390/1 од 15.09.2023 година и истиот има изработено Програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Психологот на училиштето заедно со наставниците ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето има двајца ученици со посебни образовни потреби со наод и мислење кои се вклучени во редовна настава. Во училиштето има Програма за работа со талентирани ученици. Наставниците од прво до шесто одделение изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование, предметните наставници од природната група на предмети кои предаваат во седмо,осмо и деветто одделение изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата.

Родителите со наставните планови и програми и со активностите на училиштето планирани во Годишната програма за работа се запознаваат на различни начини. Училиштето ги информира родителите и учениците, како и сите други кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, преку формалните органи на училиштето, формални/неформални средби и разговори со предметните наставници,

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план не го вршат учениците во согласност со нивните родители, односно истиот е наметнат од страна на раководниот тим на училиштето. Изборот на наставни предмети за учениците од четврто до деветто одделение се врши од листа на предмети кои училиштето ги избира од листата во наставниот план почитувајќи ги насоките од БРО.

Во однос на интегрираните содржини од различни предмети од тимот на инспектори е констатирано дека наставниците во прво до шесто одделение кои работат по новата концепција за основно образование одржуваат часови со интегрирани содржини од различни предмети и области.

### 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето преку формалните органи не планира доволно активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставници и родители, од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.

Наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели, како на пример: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество.

Училиштето не покренува иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми до МОН и до БРО.

## 1.3 Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности: екскурзии, секции и слично, што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.

Секциите се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми. Покрај тоа се вложуваат посебни напори да се создадат соодветни просторни, организациски и други услови за што поквалитетно изведување на овие активности.

Училиштето води политика на поттикнување на учениците да учествуваат натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Во последните три години училиштето учествувало на општински и регионален натпревар по англиски јазик .На регионалниот натпревар по биологија и природни науки училиштето освоило 3 место.Прво место на ниво од охридскиот регион училиштето освоило прво место.На солистичкиот натпревар на државно ниво училиштето освоило прво место.Оркестарот на училиштето на државно ниво освоил второ место.На државниот натпревар по хемија училиштето освоило второ место.

Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштет. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за развој и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето.

Училиштето нема регистрирано спортски клуб.

Учениците се вклучени барем во една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој без разлика на нивната полова, етничка и социјална припадност.

Училиштето има формирано тим за МИО. Активностите за МИО се реализираат преку програмата „Образование за животни вештини" на одделенските часови и се интегрирани во разни наставни содржини. Училиштето има партнер училиште - ООУ„Нури Мазари"-с.Делогожда, Струга, за реализирање на одредени активности од МИО. Во последните 3 години нема реализација на ниту една активност со партнер училиштето.

Учениците се вклучуваат во вонаставните активности по сопствен избор, но немаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на вонаставните активности. Препораката на наставникот е клучна во планирањето на содржината на работата.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка припадност. Во училиштето се изработени и споредбени анализи на постигањата на учениците за последните три учебни години.

Според изготвените извештаи и прегледи за период од последните три учебни години се забележува помало континуирано намалување во средниот општ успех на ниво на училиште. Општиот успех на постигањата на учениците, во изминатите три учебни години е следниот: за учебна 2020/2021 година средениот успех е 3,96; за учебната 2021/2022 година средниот успех е 3,76 и за учебна 2022/2023 година средниот успех на учениците е 3,69.

Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците училиштето планира конкретни активности за нивно континуирано подобрување.

Училиштето врши идентификација на учениците со посебни потреби, учениците кои имаат потешкотии во учењето и надарените ученици. Во учебната 2023/2024 година во училиштето има 2 ученици (со комплетна документација) со посебни образовни потреби. Покрај училишниот инклузивен тим, формиран е инклузивен тим за ученик во кој се вклучени психологот, специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог, одделенскиот наставник и наставниците кои му предаваат на ученикот. За ученикот со посебни образовни потреби училиштето изработува индивидуален образовен план. Во оваа учебна година не е обезбеден образовен асистент.

Наставниот кадар обезбедува подршка на учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици преку дополнителна и додатна настава.

Училиштето има формирано тим за МИО. Активностите за МИО се реализираат преку програмата „Образование за животни вештини" на одделенските часови и се интегрирани во разни наставни содржини. Училиштето има партнер училиште - ООУ„Нури Мазари"-с.Делогожда, Струга, за реализирање на одредени активности од МИО.Во последните 3 години нема реализација на ниту една активност со партнер училиштето.

Стручните соработници во годишната програма не планираат истражувања за следење на успехот на учениците при преминот од основно во средно образование. Се следи успехот на сите ученици со цел да се види дали и колку има отстапување во истиот при преминот од одделенска во предметна настава.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето врши согледување на бројот на деца кои достасуваат за упис во прво одделение преку прибирање на податоци од списоците кои ги добиваат од СВР Охрид.

Бројот на ученици кои се запишале во училиштето во последните три години е следен: учебна 2020/2021 се запишале 196 ученици, учебна 2021/2022 се запишале 183 ученици и во учебната 2022/2023 се запишале 179 ученик. Од споредбените податоци со кои располага училиштето во поглед на опфатот и бројот на ученици по учебни години може да се констатира дека нивниот број се намалува.

Во континуитет се следи осипувањето на учениците и се анализираат причините. Осипувањето најчесто е по барање на родителот, поради промена на местото на живеење, миграцијата село-град или иселување од државата. Во последните три учебни години се испишале 16 ученици поради промена на место на живеење и иселување во странство. Во последните три учебни години има 11 ученици кои се запишале во училиштето, а учеле во друго училиште.

Училиштето соработува со родителите во однос на редовноста на учениците. Прибира податоци за отсуствата на учениците, бројот на оправдани и неоправдани изостаноци на учениците и ги анализира состојбите. Од споредбената анализа за последните три години се констатира дека просекот на изостаноци по ученик изнесува: учебна 2020/2021 година 27,7; учебна 2021/2022 година 34,4 и учебна 2022/2023 година 27,8.

Училиштето постојано ја следи состојбата со редовноста на учениците во наставата по периоди. Советувањето на родители на ученици кои имаат поголем број на оправдани изостаноци, над 100 или повеќе од 10 неоправдани изостаноци, соглсно Законот за основно образование во последните две учебни години се реализирани советувања во кои се опфатени вкупно 5 родители.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. При премин во друго училиште ги доставува информациите за ученикот, а при прием на ученик од друго училиште бара и истите информации ги зема во предвид при натамошната работа на ученикот.

### 2.3 Повторување на ученици

Во последните три учебни години во училиштето нема ученици кои ја повториле годината.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Училиштето планира и реализира воннаставни активности: екскурзии, секции и слично, што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.Секциите се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми. Покрај тоа се вложуваат посебни напори да се создадат соодветни просторни, организациски и други услови за што поквалитетно изведување на овие активности.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор, но немаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Препораката на наставникот е клучна во планирањето на содржината на работата.

Училиштето води политика на поттикнување на учениците да учествуваат натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Во последните три години училиштето учествувало на општински и регионален натпревар по англиски јазик .На регионалниот натпревар по биологија и природни науки училиштето освоило 3 место.Прво место на ниво од охридскиот регион училиштето освоило прво место.На солистичкиот натпревар на државно ниво училиштето освоило прво место.Оркестарот на училиштето на државно ниво освоил второ место.На државниот натпревар по хемија училиштето освоило второ место.

Ученичкиот парламент претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштет. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за развој и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето.

Училиштето нема регистрирано спортски клуб.

Училиштето има формирано тим за МИО. Активностите за МИО се реализираат преку програмата „Образование за животни вештини" на одделенските часови и се интегрирани во разни наставни содржини. Училиштето има партнер училиште - ООУ„Нури Мазари"-с.Делогожда, Струга, за реализирање на одредени активности од МИО.Во последните 3 години нема реализација на ниту една активност со партнер училиштето.

## 3.2 Наставен процес

Наставниот кадар недоволно користи разновидни наставни форми и методи, вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата, кои во поголем дел несоодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.

Наставниците во мал дел успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка. Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо.

Дел од наставниците недоволно користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Учењето во училницата во мал дел е активно, динамично и има работна атмосфера. Задачите и активностите што наставниците ги задаваат на учениците соодвествуваат со целите на наставната програма и потребите на учениците. Задачите и активностите што се работат за време на часовите се испланирани од страна на наставниците.

Додатната настава се реализира согласно планирањата и потребите на учениците.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност.

Училиштето не располага со сите потребни инструменти за следење на наставниот процес, како на пример: инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката, на комуникацијата на наставникот со учениците и на работата на наставникот за оценување на напредокот на учениците.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето има Еко-програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем".

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Училниците во кои учат учениците се соодветни за изведување на наставата. Средината за учење учениците ја доживуваат како пријатно место за учење и дружење.

Учениците се мотивирани за учење и покажуваат активност за време на часовите, како и интерес за учење. Учениците активно се вклучени во наставата и постои добра интеракција наставник-ученик.

Трудовите на учениците се изложени на видно место во училиштето, како и во училниците и холот на училиштето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар на стручните активи ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и можностите за учење на секој ученик и превземаат активности за нивно ангажирање.

Училиштето има пропишана процедура за идентификување и следење на учениците кои имаат потешкотии во учењето. Наставните содржини се прилагодуваат согласно потребите и можностите на учениците. Наставниците во наставата планираат и реализираат задачи и активности по тежинско ниво, користејќи индивидуален пристап.

Од спроведената анкета со репрезентативен број на ученици се констатира дека анкетираните ученици се согласуваат дека училиштето им помага да стекнат поголема самодоверба, предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни, наставниците им даваат добри совети како да го подобрат својот успех, користат пофалби за напредокот во учењето.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. За таа цел наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците. Наставниците при оценувањето на учениците користат формативно и сумативно оценување со употреба на различни алатки за оценување, усна проверка, писмени вежби, тематски тестови, бодовни листи, чек листи, наставни листови, чек листи за самопроверка и друго.

Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во трите образовни периоди. Тоа е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, кое пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.

Наставниците ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Учениците во првиот образовен период се оценуваат описно, во вториот образовен период описно се оценуваат во текот на годината а на крајот на првото полугодие и на крајот од годината се оценуваат бројчано. Во третиот образовен период оценувањето на учениците е бројчано.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

За напредокот на нивните деца родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби, индивидуални родителски средби, преку органите во училиштето и на сопствена иницијатива и барање. Училиштето е отворено да одговара на прашањата и интересирањата на родителите за напредокот на нивните деца.

Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство за крај на наставната-учебната година. Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната зграда, како и во училишните згради на подрачните училишта . Во училиштето нема забележано појава на внесување на акохол, дрога, пушење. Училиштето има изготвено Куќен ред за сите субјекти вклучени во наставниот процес. Преку пишани документи училиштето ги пропишува сите ооблици на однесување . Во училиштето се забранува секаков вид на физичко и психичко насилство како и сите облици на сексуално вознемирување. Во последните три учебни години не се забележани случаи за насилство. Во училиштето се оддржуваат едукативни предавања на часовите по Образование за животни вештини и преку проектот „Ненасилно решавање на конфликти".

Учениците и родителите се запознаени со правата, како и процедурите за поплаки. Во училиштето нема физичко обезбедување од агенција. Во училиштето се одржуваат дежурства од страна на наставниците согласно Распоред за дежурство.

Училиштето располага со елементарен медицински материјал за давање на прва помош. Има обучен кадар со стекнати сертификати за давање на прва помош. Пристапот на влезот во основното училиште не е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Во периодот на реализација на интегралната евалуација во училиштето нема ученици со телесен инвалидитет.

Училиштето има и реализира Акционен план за безбедно училиште.Во последните три години не е извршена симулација на елементарни непогоди.Од страна на Техничкиот институт на РМ-сектор за безбедност и здравје при работа извршено е испитување на громобранска инсталација,електрична инсталација и истата има важност до 14.02.2025 година. Училиштето има вработени кои завршиле обука за заштита од пожари. Централното училиштето располага со 4 ПП апарати сервисирани 14.02.2022 година. Во подрачните училишта во сТребеничта има еден ПП апарат ,а во ПУ с.Мешеишта 2 ПП апарати. Во централното училиште има 1 хидрант во исправна состојба. Во подрачните училишта немаат громобранова инсталација и немаат хидранти.

Училишниот имот е осигуран (Полиса број 08008П080362 од Уника). Учениците и наставниците се осигуруваат на доброволна основа.

Согласно законските прописи, а во соработка со локалната заедница училиштето има изготвено Брошура за ученици и родители, истата е поделена на учениците и родителите, која во скратена форма ја презентира програмата на училиштето, организацијата на работа и обврските на учениците.

Училиштето не нуди организирана исхрана на учениците. Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна близина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Училишниот двор е заграден,чист но не е хортикултурно уреден.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето и санитарните јазли а со тоа и заштитата на учениците од преносливи заразни болести делумно задоволува. Тоалетите за учениците и за наставниците се чистат и дезинфицираат , но не се на завидно ниво. Училиштето не доволно се грижи за правилно

одржување на личната хигиена кај учениците и одржување на хигиената во училишните објекти. Има обезбедено дезинфекциони средства. Во училиштето во секој кабинет и ходниците има поставено корпи за отпадоци.

Учениците од прво, трето, петто и седмо одделение еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед и ги примаат сите редовни вакцини. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорена процедура за заштита од нејзино ширење. Училиштето има и реализира програма за грижа за здравјето на учениците.

Училиштето има договорени процедури за грижа на учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во праксата за сите ученици кои имаат потреба од таков третман, на иницијатива на раководителот на паралелката или предметниот наставник во соработка со родителите и со други релевантни институции (како на пример: здравствени установи, Центарот за социјална работа).

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето организира активности и има План и програма за професионална ориентација на учениците. Се спроведува анкета за избор на идно занимање, а учениците добиваат информации за понатамошно образование преку промотивни материјали на воспитно-образовни институции од Струга, Охрид и приватниот колеџ ЈахјаКемал - Струга. На крајот на учебната година во месец мај се спроведуваат тестирања за професионална ориентација и им се помага во професионалното насочување од страна на педагогот.

Учениците со потешкотии во учењето се интегрирани во училишната средина, имаат контакти и заеднички активности со останатите ученици. Дел од наставниците вршат прилагодување и приспособување на програмите за работа со деца со потешкотии во учењето и го следат нивниот напредок. Стручната служба презема мерки за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми.

### 4.4 Следење на напредокот

Во училиштето се води уредна педагошка евиденција и документација и тоа во текот на целата година. Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на учениците добиени врз основа на сопствени проценки.

Наставниците и учениците се во постојана интеракција меѓу себе. Постојано се дава поддршка во однос на учењето, наставата, оценувањето, вонnаставните активности како и севкупната грижа за учениците.

Наставниците изготвуваат извештаи по класификациони периоди за секоја паралелка и истите се разгледуваат на Наставнички совет и на одржаните состаноци на стручните активи. Изготвените извештаина ниво на училиште се доставуваат на стручната служба и раководниот кадар и истите се достапни за сите заинтересирани структури во училиштето.

Средниот успех на ниво на училиште на крај на учебна година е следен: учебна 2020/2021 година 3,96 и учебна 2021/2022 година 3,76 и учебна 2022/23 изнесува 3,69.. Во училиштето има надарени ученици и истите учествуваат на општински,регионални и државни натпревари. Наставниците во согласност со родителите изготвуваат посебни програми за учениците со потешкотии.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Учениците и вработените во ООУ„Дебрца" с.Белчишта се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед. Угледот на училиштето во општината е добар.

Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците, наставниците и стручните соработници, како и родителите. Овие кодески во чија изработка партиципирале наставниците, родителите и учениците се истакнти на видно место во училиштето и во најголем дел се почитуваат. Училиштето пропишало процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување дефинирани во кодексите и таквите процедури ги спроведува во пракса.

Во училиштето постои взаемо почитување меѓу сите субјекти и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Училиштето навреме се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Дисциплината на учениците главно задоволува. Во поголем дел постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и земаат учество во решавањето на проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Во училиштето е формирана ученичка заедница, ученички парламент, детска организација и помладок на црвениот крст. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на ученичките заедници од сите одделенија и паралелки. Преку овие органи учениците земаат учество во решавањето на проблемите и донесуваат одлуки што се од нивно значење.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат на повеќе начини: на патрониот празник на училиштето,на крајот од учебната година и други јавни манифестации, на отворени средби со родителите .

Учениците имаат можности, согласно своите способности и афинитети, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности. Училиштето ги поттикнува наставниците и учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, национално и меѓународно ниво.

Натпреварите на кои учествуваат учениците ја збогатуваат традицијата што ја има училиштето во однос на постигнатите успеси кои се гордост и за самата институција, но и за самите ученици.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработените во училиштето се запознаени и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и заштитуваат во случај на нивно нарушување.

Вработените во училиштето имаат еднаков однос кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Во сите пишани документи училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Учениците се обучуваат на препознавање и справување со прашања поврзани со дискриминацијата во училиштето.

Доколку учениците забележат било каква форма на повреда на туѓите или на личните права, во секое време можат да се обратат кај било кој наставник, раководниот орган или до стручната служба во училиштето. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Училиштето има партнер училиште за спроведување на активности за меѓуетничка интеграција ООУ „Нури Мазари" од с.Делогожда,општина Струга.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето создава услови и ги поттикнува родителите да се вклучат во образовнието на своите деца и во животот на училиштето. Преку навремено информирање на родителите за сите случувања во училиштето, преку доставување на потребните информации по електронски пат, преку печатење на брошури и учество на претставници на родителите од сите структури во органите на училиштето, тоа работи на што поактивно вклучување на истите во животот и работата на училиштето.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Навремено се известени за напредокот на нивното дете. Комуникација меѓу наставниците, стручна служба , раководниот кадар на училиштето и родителите е добра. Родителите можат во секое време за некој проблем да се обратат до стручната служба и директорот на училиштето. Изборот на претставници на родители во Училишниот одбор се врши низ демократска процедура. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Училиштето остварува добра соработка со локалната заедница преку вклучување во одбележувањето на значајни датуми и организирањето на разни манифестации; посета на одредени локални институции со цел реализирање на одредни наставни содржини, реализирање на одредни инфраструктурни проекти и други активности. Локалната самоуправа учествува во стипендирањето на учениците кои постигнуваат резултати на натпревари и доделува парични награди на одличните ученици и првенците на генерацијата. Соработката со деловната заедница најчесто опфаќа обезбедување донации за реализација на одредени активности во училиштето (одбележување на патрониот празник, подршка на учениците при учество на разни манифестации надвор од училиштето). Постои простор за поголема соработка со бизнис секторот во општината.

## 6 Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

ООУ„Дебрца" с.Белчишта е единствено основно училиште на територијата на општина Дебрца. Воспитно образовната работа се реализира во 11 училишни објекти ( 10 од тврда градба

и 1 монтажен објект): централно училиште во с.Белчишта каде настава посетуваат деца од прво до деветто одделение; три подрачни училишта ( во с.Требеништа, с.Мешеишта и с.Требеништа) каде настава посетуваат деца од прво до деветто одделение и седум подрачни паралелки ( с.Оровник, с.Горенци, с.Волино, с.Ботун, с.Злести, с.Велмеј и с.Издеглавје) каде настава посетуваат деца од прво до петто одделение.

Училишниот простор во кој работи училиштето ги исполнува педагошките стандарди за изведување на наставата. Воспитно-образовната работа во училиштето се реализира во една смена.

ООУ„Дебрца" с.Белчишта располага со вкупно: 41 училница, 5 кабинети, 3 библиотеки, 1 спортска сала (не ги задоволува проопишаните стандарди), 7 спортски игралишта и 15 канцеларии.

Училишните згради се одржуваат. Училиштето има јасен план и распоред и оптимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Поседува 7 противпожарни апарати(4 во Централното училиште во с.Белчишта, 2 во ПУ во с.Мешеишта и 1 во ПУ во с.Требеништа) кои се сервисирани на 19.05.2022 година и 1 хидрант во централното училиште. Поставената громобранска инсталација во Централнот училиште и ПУ во с.Мешеишта стручно е испитана и функционална.

Училишните простории во централното училиште се затоплуваат со парно на нафта, во ПУ во с.Лешани со парно на пелети, во ПУ во с.Требеништа и с.Мешеишта со парно на дрва,во ПУ во с.Волино со парно на дрва и во останатите училишни згради на дрва. Сите училишни објекти се осигурани.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето има потреба од разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно нормативите по повеќето наставни предмети. Училишето во континуитет се труди да обезбеди подобрување на опременоста со нагледни средства и материјали за потребите по сите наставни предмети.

Училишните простории се опремени со училишен и канцелариски мебел. Училниците имаат функционална LAN мрежа со повремена интернет конекција. Училниците во одделенска настава се опремени соЛЦД монитори оспосбени за групна односно фронтална настава со примена на ИКТ.

Училиштето располага со по еден компјутер за секоја паралелка во одделенска настава и по 1 компјутер за канцеларија во секоја училишна зграда, 19 телевизори, 8 печатари, 2 фотокопирки, 5 ЛЦД проектори, 20 микробита, 3 пинг-понг табли и 1 професионален фото апарат.

Училишната библиотека работи во просторни услови кои одговараат на потребите. Библиотеката е добро подредена располага со компјутер и и повремено има пристап до интернет. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и работното време е истакнато на истата.

Библиотека располага со библиотечен фонд од 12610 книги. Од вкупниот број на книги учебници се 200, лектирни изданија се 4960 и стручна литература 300. Библиотечниот фонд на лектирни изданија ги задоволува потребите на учениците. Во 2021 година набавени се книги за потребите на библиотеката. Библиотечната евиденција не се води целосно електронски. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденцијата се води навремено.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во училиштето вработени се вкупно 49 наставници. Воспитно образовната работа во одделенска настава ја изведуваат 19 наставници, а во предметна настава 30 наставници.

Наставниот кадар со исклучок на двајца наставници е во согласност со нормативите и поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки. Наставниците се квалификувани и оспособени за реализирање на наставниот процес согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците во добар дел ефективно придонесуваат за работата на училиштето и во поголем дел успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

Од стручни соработници училиштето има само психолог -приравник ( претходниот на почетокот на учебната година заминал во друго училиште) кој се труди да им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Психологот на училиштето во својата програма за работа планира разни активности за работа со учениците и наставниците и е отворен за соработка.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и се труди да обезбеди финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниот кадар. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Постои пракса на размена на искуства и преку следење на работата од колеги од стручниот актив.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во рамки на законските норми. Училиштето согласно финансискиот план ги утврдува финансиските средства за тековните потреби. Финансискиот план и извештајот за финансиското работење на училиштето се доставуваат до Градоначалникот и Советот на општината Дебрца. Училиштето има изготвено План за јавни набавки од помала вредност. Во комисијата за јавни набавки нема член од Училишниот одбор на училишето.

За финансиското работење ангажиран е книговодител. Директорот на училиштето врз основа на однапред изготвени критериуми изготвува финансиски план за тековната година кој се усвојува на Училишниот одбор и се доставува до локалната самоуправа. Финансиските планови се изготвуваат посебно за секоја жиро-сметка со која располага училиштето. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за тековно работење на училиштето и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето.

Преку изготвените завршни сметки кои се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и другите тела се обезбедува траспарентност во работењето и се следи наменското трошење на буџетот.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Во училиштето орган на управување е Училишниот одбор составен од 7 членови, од кои 3 претствници од редот на наставниот кадар и стручната служба, 3 претставници од редот на родителитеи 1 претставник од основачот. Во работата на училишниот одбор учествува и претставник на Училишниот парламент без право на глас.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето број 01-185/7 од 09.06.2023 година. Училишниот одбор има своја Програма за работа. Надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се јасно дефинирани во Деловникот за работа број 02-267/8 од 14.08.2020 година. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со Деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

За својата работа и одлуките кои ги носи Училишниот одбор обезбедува редовни, сеопфатни и детални информации за другите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и други органи во училиштето. Во изминатиот период не е организирана обука за членовите на Училишниот одбор.

Раководниот орган раководи со училиштето професионално и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во училиштето. Ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајќи се на нивниот придонес во тимската работа. Недоволно се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план, на поставените цели кои се предвидени во програмата, а приоритет дава на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес во училиштето.

Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Воспоставува соработка во непосредната и поширокота заедница, вклучувајки партнерства и со други училишта од државата и надвор од неа.

Раководниот орган на училиштето не е доволно активен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието.

### 7.2 Креирање на училишната политика

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето (бр.02-185/8 од 09.06.2023 година) се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Училиштето не доволно работи на поголема вклученост на сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето.

Училиштето нема акционен план за следење на остварувањата на резултатите од дефинираните цели и план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите од поставените цели.

Училишната политика се креира и произлегува во согласност и со спроведената Самоевалуација (број 02-594/9 од 09.12.2022 година), Развојната програма на училиштето број (02-185/8 од 09.06.2023 година) и Годишната програма за работа на училиштето (број 02-305/8 од 27.09.2022 година).

## Наоди и препораки

### Силни страни

- Училиштето има партнерски однос со локалната заедница и други институции.
- Ангажираност на училиштето во подобрување на условите за работа и создавање на еднакви можности за еднакво вклучување на учениците во воспитно-образовниот процес.
- Учество на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и освоени награди.
- Училиштето води грижа за еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Постои координирана и континуирана соработка меѓу училишниот одбор и директорот на училиштето.

### Слаби страни

- Во училиштето не се обезбедени посебни услови за помош и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот.
- Училишниот двор не е доволно хортикултурно уреден.
- Училиштето не го следи успехот на учениците при премин од основно во средно образование.
- Хигиената во училиштето делумно задоволува.

- Недоволно се користи ИКТ во наставата.
- Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план не го вршат учениците во согласност со нивните родители, односно истиот е наметнат.
- Недоволно активности од МИО со партнер училиштето.
- Во инклузивните тимови за ученик не се вклучени родители.

**Препораки**

- Училиштето да се ангажира и да обезбеди соодветни услови за помош и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот.
- Хортикултурно да се уреди училишниот двор.
- Училиштето да го следи успехот на учениците при премин од основно во средно образование.
- Училиштето да се ангажира за подобрување на хигиената.
- Да се зголеми употребата на ИКТ во наставата.
- Изборните предмети да се избираат од страна на учениците во согласност со нивните родители.
- Да се зголеми соработката и да се реализираат активности од МИО со партнер училиштето.
- Да се вклучат родители во инклузивните тимови за ученик.

| | |
|---|---|
| Наташа Пинтоска Беќароска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Жана Димоска, Инспектор | |
| Благој Стенкоски, Инспектор | |